Влада на Република Северна Македонија

Генерален секретаријат

Сектор за анализа на политиките и координација /Одделение за соработка со невладини организации

| | |
|---|---|
| Дата: | 12.08.2026 година |
| Архивски број: | 34 – 26 / 5 |

Врз основа на член 7 од Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор („Службен весник на РМ" бр.98/16 и 164/17 и "Службен весник на РСМ" бр. 97/19, 116/21 и 268/24), Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија објавува

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИЈАВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ СО КАНДИДАТИ и ЈАВЕН ПОВИК ЗА ГЛАСАЊЕ

**за избор на член и заменик член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на здруженијата и фондациите во областа**

**РОДОВА ЕДНАКВОСТ**

## I. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИЈАВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ СО КАНДИДАТИ

Врз основа на Јавниот повик за избор на член и заменик член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на здруженијата и фондациите во областа Родова еднаквост, објавен на 17.07.2026 година, на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk, во предвидениот рок (31.07.2026 година) пристигнати се 2 пријави за кандидати за член и заменик член на Советот.

II. **ЈАВЕН ПОВИК ЗА ГЛАСАЊЕ** за избор на член и заменик член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на здруженијата и фондациите во областа РОДОВА ЕДНАКВОСТ

Се повикуваат сите **активни** организации регистрирани во Централниот регистар на Република Северна Македонија согласно Законот за здруженија и фондации, да го дадат својот глас за еден кандидат во областа Родова еднаквост, доколку организацијата дејствува во оваа област согласно нејзиниот статут.

Организациите не гласаат за кандидатот од својата организација.

Гласањето се врши со пополнување на Образец за гласање, достапен на www.nvosorabotka.gov.mk и доставување на копија од тековна состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на организацијата.

Сојузите регистрирани согласно со одредбите на Законот за здруженија и фондации пополнуваат еден образец за гласање, што се смета за еден даден глас.

Организациите можат да поддржат само еден кандидат од следната Листа на кандидати. Дадениот глас се смета за глас за предложените кандидати за член и заменик член заедно.

| Арх. број | Име и презиме на кандидатите за член и заменик член на Советот | Име на здружението/фондацијата што предлага кандидат |
|---|---|---|
| РОДОВА ЕДНАКВОСТ | | |
| 34 - 26/2 | Кристина Хаџи-Василева (член) | АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности Скопје |
| | Росица Тошевска (заменик член) | АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности Скопје |
| | | |
| 34 – 26/3 | Сара Миленковска (член) | Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници МАРГИНИ Скопје |
| | Тања Иванова (заменик член) | Здружение на граѓани Реактор - истражување во акција Скопје |

За неважечки ќе се сметаат гласовите на организациите што не се активни согласно тековната состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на организацијата, како и гласовите на организациите кои Родова еднаквост како област на дејствување не е предвидена во нивниот статут.

Рокот за гласање е до **26 август 2026 година**.

Пополнетиот образец за гласање потпишан од застапникот на организацијата и заверен со нејзиниот печат, со копија од тековна состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на организацијата, треба да се доставаат преку пошта, на адреса:

Влада на Република Северна Македонија
Генерален секретаријат
Одделение за соработка со невладини организации
бул. "Илинден" бр.2
1000 Скопје
со назнака: „Поддршка на кандидати за член во Советот".

или **скенирани да се доставаат по електронски пат** на адреса: nvosorabotka@gs.gov.mk.

Гласањето се смета за успешно ако за кандидатот гласале најмалку пет организации.

Во рок од 8 дена по завршувањето на гласањето, Генералниот секретаријат – Одделение за соработка со невладини организации на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk ќе објави Листа на кандидати според бројот на добиени гласови.